# Наместо оставка, го именуваа директор, непресметлив и неспособен, спасете животи дајте си остав

Четврток, 05 Август 2021 08:45




ВМРО-ДПМНЕ : Унапредувањето на статусот на Стојанче Ангелов од в.д. во директор на ЦУК  од страна на Владата е само по себе скандал. Човекот кој покажа дека ниту знае да менаџира ниту да управува со кризи да го унапредиш, наместо да го разрешиш и да поставиш компетентен лик е бесрамен потег на власта.



Не би сакале да веруваме дека Заев се опкружува со неспособни и непресмерливи ликови околу себе, само за да изгледа паметно и поспособно.

Ако сакате да спасите животи, ставете друг човек наместо Ангелов. Ангелов ако навистина и мисли добро на Македонија доблесно нека си замине и нека отстапи место на некој кој е способен, оти вака свесно или не е глинениот гулаб на Заев.